РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0903-63/18
27.05. 2025 год.

**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

**До**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Ул. Ленинова бр. 2, Скопје – Центар, Центар**

**ПРЕДМЕТ:** Писмо за поддршка

Почитувани,

Ве известуваме дека Општина Свети Николе дава целосна поддршка на иницијативата на Здружението на одгледувачи на зајаци ЛЕПУС Свети Николе, за инкорпорирање на одгледувањето на фармски зајаци (куникули) и производство на свежо зајачко месо во новиот Закон за земјоделство и рурален развој, чиј Предлог – текст е објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) и е во фаза на јавен увид.

Одгледувањето на зајаци претставува сточарска гранка со растечки потенцијал, особено изразено во нашата општина, каде:

- Регистрирани се 2 (две) здруженија на одгледувачи на зајаци,
- Се наоѓаат најголемите 2 (две) производствени капацитети (фарми) за одгледување на зајаци во државата како и повеќе помали одгледувачи на зајаци, индивидуални фарми;
- Се наоѓаат единствените 2 (две) кланични капацитети за колење на фармски зајаци со имплементиран HACCP систем во нашата држава.

Со прифаќањето на иницијативата и вклучувањето на оваа дејност во законската регулатива, ќе се поттикне:

- Развој на локалната економија;
- Зголемување и модернизација на производството;
- Поддршка на одржливото земјоделство и сточарство;
- Поголема достапност на свежо и здраво месо за граѓаните на Република Македонија кое со своите нутритивни и диететски својства го прават идеална храна за деца, препорачано од Светската здравствена организација.

Ви благодариме за разбирањето и ја изразуваме нашата надеж дека ќе ја прифатите оваа иницијатива коа е од особена важност за нашата локална заедница и за развојот на земјоделскиот сектор во Република Македонија.

Со почит,

Општина Свети Николе
Градоначалник
Дејан Владев

Доставено до:
- Архива
- МЗШВ
- Здружение на одгледувачи на зајаци ЛЕПУС Свети Николе